Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневни настани 30.05.2023

На 29.05.2023 во 20.30 часот, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.Б.(40) од Скопје. При претрес во неговиот дом на подрачјето на Аеродром, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени дигитална вага и марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР во координација со надлежен јавен обвинител од ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција поднесе кривична пријава против полицискиот службеник М.А., командир на Полициското одделение за безбедност во патниот сообраќај Виница при ОВР Виница, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување" по член 353, став 1 од Кривичниот законик. Пријавениот, на 31.08.2022, во својство на службено лице, ги пречекорил границите на своите овластувања и не дозволил да биде изготвен прекршочен платен налог на возач на автобус на правно лице од Кочани за сторен сообраќаен прекршок по член 42, став 1 и 3 од Законот за возила, констатиран во станица за технички преглед, а во износ од 400 евра во денарска противвредност, со кој износ, бидејќи не е наплатен, го оштетил буџетот на РСМ. Пријавениот дополнително не дозволил да се преземат мерки за сторениот сообраќаен прекршок против одговорното лице во правното лице. Од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди против М.А. ќе биде покренат предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, како и негово отстранување од работното место до завршување на дисциплинската постапка.

На 29.05.2023 во 16.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово ја лишиле од слобода М.С.(67) од Куманово. Таа била барана по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување мерка притвор за сторено кривично дело по член 244 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор К'шање за издржување на мерката.

На 29.05.2023 околу 23.20 часот на локален пат во тетовско Боговиње, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода О.М.(23) и Ј.Х.(23), двајцата од Гостивар. При нивен и преглед на патничко моторно возило „форд" со гостиварски регистарски ознаки, во кое се превезувале, а што го управувал Ј.Х., била пронајдена и одземена марихуана. Тие биле задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе им бидат изготвени поднесоци.

На 29.05.2023 во 22.45 часот на улица „Пирин планина" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода М.О.(33) од Охрид, затоа што при преглед во возилото „фолксваген голф", кое го управувал, биле пронајдени и одземени куршуми и футрола за пиштол, а подоцна при извршен преглед, во близина на неговиот дом во Охрид, бил пронајден и одземен пиштол. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.05.2023 во 06.25 часот на Граничниот премин „Деве Баир", полициски службеници го лишиле од слобода А.Г.(33) од Турција, затоа што при извршена контрола било констатирано дека полисата за осигурување за товарното моторно возило „мерцедес" со полуприколка, со турски национални ознаки, кое го управувал, била фалсификувана. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка. Подоцна, од Регионалниот центар за гранични работи Исток против него била поднесена кривична пријава.

На 29.05.2023 во 21.30 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", при извршена гранична проверка, било констатирано дека О.О.(58) од Косово е во службената оперативна евиденција со мерка „апси" по телеграма од СВР Скопје. Тој бил предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (29.05.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 168 возачи. Од нив, девет возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две со дури над 70 километри на час над дозволеното. Притоа, 94 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 74 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (29.05.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 47 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 27 санкции, девет мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се седум мерки за користење мобилен телефон при возење, девет за непрописно престројување, пет санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло...

На 29.05.2023 во периодот од 15.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за непрописно престигнување на возилата, во која вкупно се откриени и санкционирани 32 прекршоци (ТЕ-15 и ГВ-17). На прекршителите им биле изготвени предвидените поднесоци и тие ќе се соочат со парични глоби кои за овој вид прекршоци се движат од 45 до 250 евра во денарска противвредност. Оние, пак, кои престигнувале на „полна линија", на непрегледни кривини или во долга колона од возила ќе се соочат и со времено одземање на возачките дозволи од три месеци до една година. При контролата, исто така, санкционирани се 7 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-6 и ГВ-1).

На 29.05.2023 во 12.50 часот во СВР Штип било пријавено дека на експресниот пат Штип – Кочани се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „рено" со скопски регистарски ознаки, управувано од З.Ѓ.(62) од Велес и товарно возило „ман" со беровски регистарски ознаки, управувано од Г.Л.(41) од с.Будинарци, беровско. На местото на несреќата починал возачот З.Ѓ., додека Г.Л. се здобил со тешки телесни повреди, а неговиот сопатник Д.Ц.(24) од Берово се здобил со телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 29.05.2023 во 18.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од ул.„Лазар Трповски" со ул.„Методија Митевски" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „рено", управувано од Б.М.(39) од Скопје и мотоцикл „априлиа", управуван од Р.Ј.(28) од с.Арачиново, скопско, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од СВР Скопје. За време на увидот присуствувал и заменик заповедник од Казнено-поправната установа Затвор Идризово, поради тоа што Р.Ј. бил лице на издржување казна затвор.

На 29.05.2023 во 22.56 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.А.(18) од Скопје пријавил дека на ул.„Лука Геров" бил каснат од куче скитник.

На 29.05.2023 во 14.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Маркова Сушица, скопско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „ауди", управувано од Д.Д.(23) од Скопје и автобус „ман", управуван од Е.Д.(25) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од возилото М.К.(21) од Скопје, а со телесни повреди се здобил возачот Д.Д., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 29.05.2023 во 01.30 часот во Полициската станица Драчево, В.Д.(57) од Скопје пријавила дека на ул. „Иван Хаџи Николов" била касната од куче скитник.

На 29.05.2023 во 16.50 часот во СВР Битола било пријавено дека на крстосница од ул.„Партизанска" и ул. „Крушево" во Битола, А.М.(71) од Битола, управувајќи мопед „априлиа" со битолски регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил А.М., констатирани во Клиничка болница Битола.Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 29.05.2023 во 16.15 часот во Полициската станица Драчево, В.Ѓ.(63) од Скопје пријавил дека на ул. „Антон Димитров" бил каснат од куче скитник.

На 28.05.2023 во 22.50 часот, полициски службеници од СВР Велес го лишија од слобода А.С.(30) од Велес. Тој се сомничи дека во периодот од 21.04.2023 до 28.05.2023 на подрачјето на СВР Велес извршил повеќе тешки кражби и кражби од индустриски погони и викенд куќи. На 21.04.2023 извршил тешка кражба во фабрика во Велес, на 24.04.2023 тешка кражба во викенд куќа сопственост на Г.Ј. во место викано „Долна Брца", на 28.04.2023 во фабрика во Велес, на 02.05.2023 тешка кражба во викенд куќа во место викано „Три дола" сопственост на Г.В., на 16.05.2023 тешка кражба во викенд куќа сопственост на Д.Б. во место викано „Сариер" и на 28.05.2023 тешка кражба во гаража од семејна куќа на ул.„Вера Циривири", сопственост на Ј.Б. од Велес. Дел од одземените предмети се пронајдени и вратени на сопствениците, а лицето е приведено во Полициската станица Велес и по целосно документирање на настаните ќе следува соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.Ј.(57) од Охрид, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Тој, без соодветно одобрение за градба издадено од надлежен државен орган, на приватен објект нелегално изградил поткровје, што било утврдено и од овластен градежен инспектор при Одделението за инспекциски надзор.

На 28.05.2023 во 16.00 часот на ул.„Балканска" во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го пронашле Р.И.(17), за кој претходно беше пријавено дека се оддалечил од СОС Детско село од Скопје. Лицето било предадено на Центарот за социјални работи Скопје.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против И.С.(20) од село Лојане, општина Липково, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 16.12.2022 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гевгелија поднесе кривична пријава против А.Д.(29) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,несовесно работење во службата'' и против А.Ј.(21) од Гевгелија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,злоупотреба на лични податоци''. На 30.08.2022, првопријавениот во својство на продажен агент во продажен салон на мобилен оператор, не извршил идентификување на корисникот и без да води сметка за заштита на личните податоци ѝ овозможил на второопријавената противправно и без согласност од оштетената од село во Богданци да склучи анекс договор за користење на постпејд услуги, при што со злоупотреба на нејзините лични податоци купила и телефонски апарат.

На 29.05.2023 во 16.25 часот во СВР Тетово било пријавено дека претходниот ден околу 14.00 часот во тетовско Камењане, патничко возило удрило во велосипед што го управувал 61-годишниот Б.И. од ова село и го напуштило местото на несреќата. Во несреќата, Б.И. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во тетовската Клиничка болница, каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. На местото увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 29.05.2023 во 15.40 часот во СВР Тетово, 44-годишен маж од Гостивар пријавил дека Н.Н. од тетовска Мала Речица пред неколку години му ветил дека ќе му обезбеди работна виза за Германија, за што му дал пари. Според пријавеното, Н.Н. ниту му обезбедил виза, ниту му ги вратил парите. Се расчистува и документира случајот по што ќе следува соодветна пријава.

Денеска (30.05.2023) во 06.20 часот во СВР Куманово било пријавено дека во атар на с.Речица, кумановско, било пронајдено лице мигрант со повреди од остар предмет. Лицето било пренесено во Општа болница Куманово, каде во 07.45 часот починало. Полициски службеници на СВР Куманово извршиле увид и по преземените мерки и извршени разговори било констатирано дека настанала физичка пресметка помеѓу повеќе лица мигранти, при што починатиот мигрант бил прободен со остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.05.2023 во 15.15 часот во СВР Скопје, В.П.(35) од Скопје пријавил дека околу 14.10 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од едно лице кое употребило и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.05.2023 во 11.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во стан на подрачјето на Аеродром, сопственост на К.К.(36) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а лекар од Итна медицинска помош укажал помош на К.К., поради вдишување на чад. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 29.05.2023 во 13.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека после браната Матка во Скопје од одрон на патот со тешки телесни повреди се здобил В.П.(73) од Полска. Тој бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување лекарска помош.

На 30.05.2023 околу 02.30 часот, полициски службеници на СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Б.(21) од Скопје. Тој се сомничи дека околу 20.00 часот на 29.05.2023 на ул.„Мирче Ацев", заедно со Б.П.(21) од Скопје со употреба на сила внеле во возило 17-годишна малолетничка од Скопје , со која Б.П. бил во љубовна врска, а набргу потоа Б.П. и малолетничката се симнале од возилото и заминале. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 29.05.2023 во СВР Битола, З.Д.(41) од Битола пријавил дека на ул.„Васил Брклевски" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 29.05.2023 во 14.10 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека на бул.„Гевгелија" настанал пожар во помошна просторија на бензинска пумпа. Пожарот бил изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Гевгелија, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 29.05.2023 во 22.30 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Е.Д.(34) од Скопје пријавила од домот се оддалечила нејзината малолетна ќерка Ј.Д.(13). Според пријавеното, таа се сомнева дека Ј.Д. е со нејзиното момче Е.Д. од населба Злокуќани. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 29.05.2023 во 10.00 часот во СВР Скопје, Ј.С.(55) од с. Студеничани, скопско, пријавил дека на 28/29.05.2023 во периодот од 20.30 до 10.00 часот од залутано зрно бил оштетен соларен панел поставен на покрив од куќа во с.Студеничани. Извршен бил увид на местото на настанот.

На 29.05.2023 во 15.10 часот во ОВР Кичево, Џ.А.(29) од Прилеп пријавила дека на улица „Прилепска" во Кичево била касната од куче скитник.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет